# С Т А Т У Т

на Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" – Скопје

(13.12.2018)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" (во понатамошниот текст: Коалицијата) е коалиција во која на доброволна основа членуваат здруженија на граѓани од Република Македонија заради следење на судските процеси пред надлежните судови во Република Македонија, со цел да се придонесе кон осигурување на загарантираните права за правично судење како што е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, зголемување на јавната свест и да се придонесе кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, посочување на потребата и работа на можните реформи во судските постапки, зголемувањето на практичните знаења на студентите на право, зајакнување на улогата и капацитетот на невладините организации и друго.

Мисија на Коалицијата е следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се поврати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Коалицијата воедно се залага за еднаков пристап до правдата на сите граѓани на Република Македонија преку давање на бесплатна правна помош.

**Член 2**

Коалицијата дејствува на целата територија на Република Македонија и своите права, должности и одговорности ги остварува согласно Уставот, законите и Статутот.

**Член 3**

Коалицијата е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со Статутот и Програмата за работа.

**Член 4**

Коалицијата на здруженијата на граѓани е посебно правно лице со сопствена жиро сметка. Овластен потписник на жиро - сметката е извршниот директор, а по исклучок, со посебно полномошно Извршниот директор може да овласти друго лице кое ќе биде овластен потписник.

Коалицијата е непрофитна, непартиска и невладина организација. Ако во работењето на Коалицијата се оствари добивка таа мора да биде употребена исклучиво за поддржување и остварување на целите и активностите утврдени со Статутот.

**Член 5**

Коалицијата одговара за своите обврски со својот имот и средства и не може да врши стопанска дејност.

**Член 6**

Името на Коалицијата под кое е заведена во централниот регистар гласи: Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" - Скопје.

Скратената ознака гласи: Коалиција Сите за правично судење.

Седиштето на Коалицијата е во Скопје, на ул. Македонија бр.11/2-10.

**Член 7**

Коалицијата на здруженијата на граѓани има свој печат, штембил, лого и печат за архивирање.

Печатот е во кружна форма со пречник од 4 сантиметри со впишан текст во кружна форма кој гласи: Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје.

Штембилот е во правоаголна форма со впишан текст: Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење. Бр.___/___(деловоден број) ________(датум) Скопје

Архивскиот штембил ги содржи сите технички детали, за архивирање на документи и материјали, согласно пропишаните законски прописи.

Текстот содржан во печатот и штембилот е испишан на македонски, албански и ромски јазик и нивното писмо.

Логото на Коалицијата го избира Управниот одбор по претходно спроведена постапка за прибирање на повеќе идејни решенија.

**Член 8**

Работата на органите на Коалицијата се одвива на македонски јазик.

Претставниците на здруженијата кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, можат да го зборуваат јазикот на таа заедница.

Сите акти на Коалицијата во надворешната комуникација се изготвуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазик за потребите на комуникацијата, како и на јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните, а по можност и на јазикот и писмото на другите заедници во Република Македонија согласно финансиските можности на организацијата.

На барање на одделни членови или нивни претставници, актите во внатрешната комуникација на Коалицијата можат да се преведат на јазикот и писмото кој тие заедници го користат, а е различен од македонскиот, со тоа што трошокот за превод би го сноселе членовите кои го побарале тоа.

**Член 9**

Коалицијата ја претставува и застапува во правниот промет и спрема трети лица, извршниот директор.

**Член 10**

Работата на Коалицијата е јавна. Јавноста во работењето се овозможува со:

- редовно известување на граѓаните за активноста на Коалицијата;
- присуство на претставниците на членовите и на други лица вработени или ангажирани во Коалицијата на седниците на органите и телата на Коалицијата;
- јавност и достапност на извештаите и другите акти на Коалицијата;
- претставување во средствата за јавно известување и инфромирање;
- соработката со други невладини организации, сојузи и здруженија, државни органи и институции;
- преку издавање на печатен материјал, сопствена интернет страница и други начини.

**Член 11**

Коалицијата може да соработува, да се зачленува и поврзува со други домашни и меѓународни невладини организации, мрежи на организации и институции.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 12**

Целите и задачите на Коалицијата се следните:

- да го зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови;
- да придонесе кон зголемување на јавната доверба во правниот систем и судството воопшто;
- да ги идентификува проблемите во судскиот систем и да укажува на потребата за правна и институционална реформа;
- да ја запознава јавноста со стандардите и правата за правично судење и да ја засили довербата на граѓаните во функционирањето на судскиот систем;
- да ги намали можностите за несоодветен третман на страните во спорот од судиите и другите учесници во постапката и да обезбеди еднаков пристап до правдата преку давање на бесплатна правна помош.

**Член 13**

Целите и задачите на Коалицијата се остваруваат преку:

- следење на судските процеси пред домашните и меѓународните судови;
- обезбедување на независни и непристрасни информации и анализи за функционирањето на судскиот систем;
- комуникација со претставници на судската, законодавната и извршната власт;
- запознавање на јавноста и правосудните работници со домашните и меѓународните документи со кои се уредува правото на фер и правично судење, како и организирање дебати, научни советувања, тренинзи, семинари и др.;

- соработка со домашни, странски и меѓународни организации, институции и други здруженија на граѓани;
- овозможување на бесплатна правна помош;
- преку други работи утврдени со внатрешните акти на здружението.

**Член 14**

Набљудувањето на судењата ќе го вршат набљудувачи кои ги избира Извршната канцеларија врз основа на јавен повик, а согласно Правилникот за права и обврски на набљудувачите.

## УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО КОАЛИЦИЈАТА, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 15**

Коалицијата ја сочинуваат Здруженијата на граѓани кои се евидентирани во регистарот на Коалицијата и кои ги прифаќаат предвидените цели и задачи.

Од Коалицијата ќе бидат исклучени членовите кои: дејствуваат спротивно на одредбите од Статутот, не ги почитуваат или извршуваат одлуките на органите, немаат активен придонес кон остварувањето на целите и задачите на Коалицијата, не ги почитуваат основните принципи, го нарушуваат угледот на Коалицијата или на нејзина членка, или два пати по ред отсуствуваат од работата на Собранието на Коалицијата.

Секоја членка може доброволно да истапи од Коалицијата.

За прием на нови членки на Коалицијата одлучува мнозинството од присутните претставници на Собранието, по претходно поднесено писмено барање од заинтересираното здружение.

Исклучувањето од Коалицијата го врши Собранието под исти услови како и за прием, на предлог на Извршниот директор на Коалицијата или Управниот одбор доколку некој член постапува спротивно условите од ставот 2.

**Член 16**

За прием и исклучување од членство на Коалицијата, на образложен предлог може да се одлучи и по електронски пат.

За валидно се смета гласањето од официјалната електронска адреса на секоја организација членка на Коалицијата.

Гласањето треба јасно да биде изразено од страна на претставниците на членките во Собранието и доставено на посочената адреса на Коалицијата.

Рокот за гласање по прашањето за прием и исклучување од членство не може да биде подолг од 7 дена.

По утврдување на резултатите од гласањето, за истите на соодветен начин се информираат сите членки на Коалицијата.

**Член 17**

Правата и обврските на членовите на Коалицијата се:

- да предлагаат претставници во органите на Коалицијата и преку нив да учествуваат во нивната работа, да вршат надзор и да придонесуваат за развојот и популарноста на Коалицијата;
- да покренуваат иницијативи и предлози заради остварување на целите и задачите на Коалицијата;
- да се придржуваат на одредбите од Статутот и актите на органите и телата на Коалицијата;
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата за дејствување на Коалицијата;
- во рамките на своите можности да обезбедат услови за функционирање на Коалицијата и
- други работи, согласно Статутот, другите акти на органите и телата на Коалицијата и позитивните законски прописи.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

**Член 18**

Основни принципи врз основа на кои е организирана Коалицијата се:

- непристрасност и независност;
- јавност, транспарентност и отчетност;
- законитост во работењето;
- родова, полова, возрасна, етничка рамнотежа и еднаквост;

## ОРГАНИ НА КОАЛИЦИЈАТА, НИВНИ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 19**

Органи на Коалицијата се:

- Собрание;
- Управниот одбор
- Надзорен одбор и
- Извршен директор

Во органите на Коалицијата не можат да бидат избрани и лица кои не се претставници на членките, со исклучок на Надзорниот одбор на организацијата, а ќе се води грижа и за соодветна и правична застапеност.

Работата во органите на Коалицијата е на волонтерска и доброволна основа, освен функцијата Извршен директор, која е платена позиција.

## СОБРАНИЕ

**Член 20**

Собранието го сочинуваат по еден претставник (делегат) од Здруженијата на граѓани – членови на Коалицијата, и е највисоко тело на одлучување.

Претставниците се лица делегирани од матичните Здруженија и се смета дека ги претставуваат ставовите и интересите на своите матични здруженија. Здруженијата самите одлучуваат кој делегат и за кој временски период е нивен претставник во Собранието на Коалицијата.

Членовите на Коалицијата во случај да го променат својот делегат во Собранието се должни веднаш да го известат Извршниот директор на Коалицијата и да определат друг претставник.

**Член 21**

Претставниците во Собранието на Коалицијата:

- имаат право да присуствуваат на седниците на Собранието и на работните тела;
- имаат право да бираат и да бидат избрани во органите на Коалицијата;
- имаат право да вршат увид во работата на другите органи;
- имаат обврска да се придржуваат на одредбите од Статутот;
- имаат право да предлагаат решенија од заеднички интерес;
- ги известуваат членовите на матичното Здружение за работата на органите на Коалицијата и за текот на реализацијата на нејзините цели и задачи;
- активно придонесуваат во остварувањето на целите и задачите на Коалицијата.

**Член 22**

Седница на Собранието свикува Извршниот директор на Коалицијата по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Извршниот директор Седницата на Собранието ја свикува и по предлог на Управниот одбор или на 1/2 од вкупниот број на организации членки.

Ако Извршниот директор во рок од 30 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

**Член 23**

Собранието заседава и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку половина од вкупниот број на членки.

По исклучок, во итни случаи Собранието може да заседава и одлучува по пат на аудио-визуелна конференциска врска.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинството гласови од присутните претставници, освен ако не е пропишано поинаку.

На седниците на Собранието може да присуствуваат и други лица без право на глас.

**Член 24**

Покана за седница на Собранието, со дневен ред и други материјали се доставуваат до членовите најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата.

Седницата на Собранието ја отвора и раководи Извршниот директор на Коалицијата, а во случај на спреченост претседавач на седницата е член на Управниот одбор.

**Член 25**

На Собранието се одлучува со јавно гласање освен ако со мнозинство гласови од присутните не се одлучи гласањето да се спроведе тајно.

Секоја членка на Коалицијата во Собранието има право на еден глас.

**Член 26**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи ги врши Управниот одбор на Коалицијата, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за преземените активности.

Собранието се состанува еднаш годишно, а по потреба се свикува вонредна седница на Собрание.

За работата на Собранието се води записник кој го верификува Извршниот директор.

**Член 27**

Собранието на Коалицијата ги врши следните работи:

- донесува Статут со двотретинско мнозинство од присутните членови и годишна програма со просто мнозинство од присутните членови;
- усвојува годишен извештај и завршна сметка;
- одлучува за промена на целта на здружувањето со двотретинско мнозинство од присутните членови;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира Управен одбор и Надзорен одбор на Коалицијата;
- одлучува за престанок на Коалицијата. Доколку против одлуката за престанок гласале најмалку 5 организации, истата се смета дека не е донесена (Коалицијата како правен субјект ќе продолжи да функционира со минималниот законски број на членови);
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на Коалицијата

## ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

**Член 28**

Извршниот директор е законски застапник на Коалицијата ја претставува Коалицијата во односите со трети лица. Постапката за избор на Извршниот директор ја спроведува трочлена комисија составена од членови на Управниот одбор.

Предлог за кандидат-Извршен директор од редот на персоналот на извршната канцеларија, даваат 2 члена на Управниот одбор. Предложениот кандидат се избира на седница на УО со мнозинство гласови од членовите на Управниот Одбор.

Доколку од страна на Управниот одбор не биде предложен кандидат за Извршен директор од редот на персоналот на извршната канцеларија, се пристапува кон распишување на оглас за Извршен директор. По Извршената пред селекција на пријавените кандидати, истите се интервјуираат од страна на членовите на Управниот Одбор, кои подоцна со мнозинство гласови го бираат кандидатот.

Мандатот на Извршниот директор трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 29**

Извршниот директор:

- свикува и подготвува седници на Собранието;
- ја претставува и застапува Коалицијата во контактите пред трети лица и во правниот промет ;
- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието;
- ги потпишува актите на Собранието;
- донесува интерни политики и акти за работа на извршната канцеларија на Коалицијата
- ги подготвува и води седниците на Управниот одбор и учествува без право на глас
- се грижи за спроведувањето на одлуките донесени од Управниот одбор;
- се грижи за реализирање, координирање и супервизија на проектите и програмите спроведувани од Коалицијата, за кои потреби може да именува Програмски директор, програмски и проектни координатори, чии права и обврски се регулираат со деловникот и правилниците за работа на Извршната канцеларија;
- донесува одлуки за вработување и престанок на ангажмани на вработени во Извршната канцеларија;
- го известува Управниот одбор за преземените активности;
- се грижи за претставувањето на организацијата во јавноста и работи на подобрување на имиџот на Коалицијата во јавноста и кај донаторската заедница;
- дава свој предлог за избор на членови во Управниот одбор;

**Член 30**

Извршниот директор воедно ја претставува Коалицијата и тоа преку:

- претставување на резултатите од спроведените проекти на прес конференции и други јавни настани и промоции во земјата и странство;
- контактира со медиуми;
- дава изјави во врска со поодделни предмети;
- ги претставува препораките и заклучоците од проектите на тркалезни маси, трибини, состаноци и други средби;
- е надлежен за комуникација со организации и институции од земјата и странство,
- врши иницирање соработка со други организации и институции;
- ги информира членовите на УО и членките на Коалицијата за преземените активности од своја надлежност.

**Член 31**

Функцијата на Извршниот директор престанува:

- на сопствено барање;
- со одлука на Управниот одбор;
- со завршување на мандатот
- со одземање на деловната способност или смрт.

**Член 32**

Предлог за разрешување на Извршниот директор може да поднесат најмалку два члена на Управниот одбор.

## УПРАВЕН ОДБОР

**Член 33**

Извршен орган на Собранието е Управниот одбор кој брои 5 члена кои се претставници на членките на Коалицијата.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

Подготовката на материјалите за седниците на управниот одбор ги врши Извршниот директор на Коалицијата,кој воедно и го координира текот на седницата на Управен одбор .

Предлог за член во Управниот одбор можат да дадат најмалку три членки на Коалицијата или извршниот директор.

**Член 34**

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш на секои три месеци.

На седниците на Управниот одбор присуствуваат Извршниот директор и двајца членови на Извршната канцеларија кои немаат право на глас, а по покана и други надворешни лица.

**Член 35**

Управниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува јавно со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е предвидено поинаку.

За работа на Управниот одбор се води записник кој се усвојува на наредната седница.

Записникот на Управниот одбор го верификува извршниот директор.

По исклучок, во итни ситуации, Управниот Одбор може да одржи седница и со помош на аудио- визуелна конференциска врска.

**Член 36**

Управниот одбор ги врши следните работи:

- избира Извршен директор и ја надгледува неговата работа;
- дава насоки за работа на Извршниот директор;
- ја следи мисијата и остварувањето на целите на Коалицијата;

- заедно со извршната канцеларија подготвува стратешки план и програми за работа;
- врши лобирање кај донаторите;
- се грижи за подобрување на имиџот на Коалицијата во јавноста;
- подготвува Деловник за сопственото работење
- предлага вклучување и исклучување од членство во Коалицијата;
- подготвува Правилник за користење на сопствени средства на Коалицијата собрани од членарина;
- ја разгледува и предлага на Собранието завршната сметка на Коалицијата;
- одлучува по поплаки и жалби на вработените и носи одлуки како второстепен акт на донесената одлука од страна на извршниот директор;
- помага во подготовка на седниците на Собранието на Коалицијата.
- во случај на вонреден престанок на мандатот на извршниот директор, назначува вршител на должноста (ВД) Извршен директор, од членовите на извршната канцеларија, членовите на Управниот одбор или од членките на Коалицијата, а сè до изборот на Извршен директор на Коалицијата, но не подолго од 3 месеци.

**Член 37**

Функцијата член на Управен одбор престанува:

- По сопствено барање
- Со истек на мандатот за кој е избран.
- Со одлука на Собранието.
- Во случај на одземена деловна способност или смрт.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 38**

Надзорниот одбор е составен од 3 членови, кои ги избира Собранието од претставници на членките од кои 1 може да биде надворешен член.

Мандатот е во времетраење од 3 години со право на повторен избор.

Предлог за член во Надзорниот одбор можат да дадат најмалку три членови на Коалицијата.

Член на Надзорниот одбор не може да биде, извршниот директор, ниту член на Управниот одбор.

Член на Надзорниот одбор може да учествува на седниците на Управниот Одбор без право на глас на покана на Управниот одбор или Извршниот директор на Коалицијата.

Еден од членовите на Надзорниот одбор потребно е да има познавање од областа на финансиско, програмско и административно работење.

**Член 39**

Седниците на Надзорниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува:

- Извршниот директор на Коалицијата;

- најмалку двајца од неговите членови.

**Член 40**

Надзорниот одбор:

- врши редовен надзор и контрола на тековното финансиско работење на Коалицијата;
- спроведува надзор заради успешно функционирање на Коалицијата, по потреба, а најмалку еднаш годишно;
- врши надзор на финансиското работење на извршната канцеларија на Коалицијата;
- изготвува извештај за спроведениот надзор и истиот го доставува до Управниот одбор на разгледување и до Собранието на усвојување.

## СРЕДСТВА НА КОАЛИЦИЈАТА, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

**Член 41**

За остварување на своите цели и задачи Коалицијата стекнува средства и со нив располага во согласност со Статутот и законите.

**Член 42**

Коалицијата стекнува парични средства, предмети и права што се обезбедуваат од:

- донации;
- доброволни прилози;
- подароци;
- членарина од нејзините членки
- други средства од нејзините членки;
- проекти;
- средства од буџетот на Р. Македонија, буџетите на единиците на Локалната самоуправа и буџетот на град Скопје и
- од други извори.

**Член 43**

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Коалицијата се врши на начин утврден со Законот и Статутот на Здружението.

**Член 44**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Коалицијата согласно надлежностите утврдени со Статутот.

**Член 45**

Коалицијата усвојува годишен финансиски план за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка на вработените, надоместоци за ангажирање на стручни лица и за членовите, материјални трошоци за работа на Коалицијата и друго.

## КОНТРОЛА НАД РАБОТЕЊЕТО НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 46**

Контрола на законитоста на работењето вршат надлежните органи и служби на Република Македонија.

**Член 47**

Прашање за неправилност во работењето на Коалицијата може да постави секој член пред органите на Коалицијата.

Неправилноста во работењето на некој колективен или индивидуален орган или друго тело на Коалицијата, утврдува непосредно повисокиот орган.

## ПРЕСТАНОК НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 48**

Коалицијата престанува:

- ако е донесена одлука на Собранието со двотретинско мнозинство на членовите од вкупниот број членови на Коалицијата. Доколку против одлуката за престанок гласале најмалку 5 организации, истата се смета дека не е донесена, односно Коалицијата како правен субјект ќе продолжи да функционира со минималниот законски број на членови;
- ако бројот на членовите на Коалицијата се намали под бројот определен за основање;
- ако Уставниот суд на Р. Македонија донесе одлука дека Програмата и Статутот на Здружението не се во согласност со Уставот;
- и во други случаи определени со Законот.

**Член 49**

Во случај на престанок на Коалицијата, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските преминуваат во сопственост на хуманитарни организации за кои ќе одлучи Собранието.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 50**

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот може да поднесе секој орган или најмалку 5 членки на Коалицијата.

**Член 51**

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до извршниот директор.

Одлука за измени и дополнувања на Статутот се носи со двотретинско мнозинство од вкупниот број присутни претставници на Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со други акти на Собранието.

**Член 53**

Толкувањето на одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници на истото, Управниот одбор.

**Член 54**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Извршна директорка

Скопје, 13.12.2018 мп Натали Петровска